Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut

**СУДСКИ СОВЕТ НАРЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

Ул. "Македонија"бр.5,1000 Скопје| тел.02/3218 130 факс.02/3218 131 | contact@ssrm.mk
Rr. "Makedonija" nr.5, 1000 Shkup | tel.02/3218 130 faksi.02/3218 131 | contact@ssrm.mk

**Бр.______________**

**______________2024 год.**

**СКОПЈЕ**

# Извештај од работна посета во О.С. Г., извршена на ден 17.07.2023 година

Со Заклучок на Претседателот на Судскиот совет на РСМ бр.03-1445/1 од 13.07.2023 година, формирана е работната група при Судскиот совет во состав од м-р.Т.Ч.И., координатор за следење на работата во О.С. Г. и м-р. И.Н., член на Советот, за да изврши работна посета во О.С. Г. Во рамките на работната посета, Работната група е задолжена да изврши увид во работата на судиите во Судот, согласно член 20 став 3 од Судскиот деловник и тоа:

- почитување на законските рокови за преземање на процесни дејствија;
- почитување на законските рокови за донесување, објавување и изготвување на одлуките;
- констатирање на евентуален застој во работата на судиите, како и причините за застојот;
- каква е состојбата со старите нерешени и застарени предмети во судот;
- констатирање и проверка на постапките по изземање во предметите;
- оптовареноста на судиите согласно распоредот за работа;
- увид во предмет од јавен интерес поврзан со изречена времена мерка на имотот на правното лице Д.Т. заради спор со правен субјект од Р.А и др.

Последната точка од Заклучокот е во врска со циркуларното писмо од Неговата Екселенција, G.W., Амбасадор на Република А. во Република Северна Македонија, примено во Судскиот совет и заведено под Бр. 03-1198/3 од 28.06.2023 година.

Постапувајќи согласно Заклучокот, Работната група изврши работна посета во О.С. Г.на ден 17.07.2023 година и ја констатира следната состојба:

О.С. Г. со Судско одделение во В., како суд со проширена надлежност, согласно систематизацијата за потребни судиски места донесена согласно Одлука на Судскиот совет утврдени се 13 судиски места, вклучувајќи го и претседателот на Судот. Бројот на пополнети судиски места е 8, вклучувајќи го

и претседателот на Судот. Во однос на работни места по категории и нивоа предвидени се 129 лица, но пополнети се само 38 работни места од предвидените.

И покрај ваквата пополнетост на судиски места и на работни места по категории и нивоа, во Судот се почитуваат законските рокови за преземање на процесните дејствија. Сите примени писмена во Судот веднаш се предаваат во одделението и на судиите. Предметите откако ќе се заведат, преку АКМИС програмот, на дневна основа се доделуваат во работа на судиите, истиот ден или најдоцна наредниот ден, освен итните предмети на кои им се запишува покрај датата на прием и часот наприем и истите се предаваат во работа на судија, веднаш.

Работењето по предметите е ефикасно, се превземаат дејствија за закажување и одлагање на расправите во пократки рокови од законски предвидените. Во таа смисла, често има ситуации кога по еден предмет се зажуваат рочишта по два или три пати во месецот. Во случај на одлагање на рочишта, новите термини се закажуваат со усогласување на странките и нивните полномошници, односно бранители, а со сел да не дојде до неоправдани одолговлекувања во постапките.

При донесувањето, објавувањето и писменото изготвување на одлуките, се води сметка за законските рокови определени со ЗКП, ЗП и ЗПП. Одлуките редовно се верификуваат.

Во однос на старите нерешени предмети, заклучно со месец јуни 2023 година вкупниот број на стари нерешени предмети изнесува 23 предмети од кои дури 11 се оставински предмети. Во дел од нив и тоа во предметите: О.бр.337/17, О.бр.231/18, О.бр.196/20, О.бр.207/20 и О.бр.204/21, се чека да се обезбедат и комплетират доказите за сродство на наследниците со оставителот или докази за имотот-предмет на оставина. Во овие предмети наследниците се контактирани од страна на Нотарот.

Во предметот О.бр.70/20 направени се неколку безуспешни обиди да се контактираат наследниците, било закажано рочиште на 01.03.2022 година, но се јавил само едниот законски наследник, ќерката Б.К. Другата ќерка на оставителот, С.М., не ја подигнал поканата според Известувањето од Македонски пошти. По поднесено барање до МВР од Нотарот за адреса на овој наследник, добиено е известување дека повеќе од три месеци истата престојува во В., Италија. Во договор со полномошникот на присутниот учесник на рочиштето, објавен е Оглас во Службен весник на ден 15.07.2022 година, согласно член 168 од ЗВП, така да тече законскиот рок од 1 година да се јави повиканиот наследник.

Три оставински предметите, О.бр.112/21, О.бр.223/21 и О.бр.240/20, по приговор од учесниците се вратени во О.С. Г.

Во два оставински предмети има правосилни решенија за расправање на оставината (О.бр.109/21, донесено е решение на 23.05.2023 година, правосилно на 29.06.2023 година и О.бр.149/21, решението е правосилно од 09.06.2023 година). По обработка, предметите се чека да се вратат во Судот.

Стари нерешени ИОИП предмети има 5 предмети од кои 2 (ИОИП.бр.56/21 и ИОИП.43/21)се во работа. Во останатите 3 предмети (ИОИП.бр.1/21, ИОИП.бр.15/21 и ИОИП.бр.16/21) се донесени правосилни пресуди уште во 2020 година, меѓутоа не е завршена целосно постапката за извршување на одземените предмети, дел од нив сеуште не се предадени на Агенцијата за управување со одземен имот-Скопје.

Предметот ВПП1 бр.3/23 (стар бр.ВПП1 бр.6/19) за физичка делба се води како сложен предмет. Одлуката ВПП1 бр.6/19 од 22.04.2021 година е укината со реШение на А.С. С. ГЖ.бр.3211/21 од 27.01.2023 година. Постапувајќи по напатствија на второстепената одлука, донесено е решение за супервештачење и закажано е рочиште за 13.07.2023 година.

Во предметот КУИКП.бр.12/20 со правосилна пресуда К.бр.231/18 од 14.02.2019 година на О.С. Г., правосилна од 14.01.2020 година, обвинетиот К.Г. од Плагиа-Кукуш, Р.Г. е огласен за виновен за кривично дело-Тешка телесна повреда од член 131 ст.1 од КЗ и осуден на казна затвор во траење од 8 месеци. На 24.02.2022 година издаден е Упатен акт за извршување на казната затвор и за упатување на осудениот во КПУ Идризово Скопје. Обвинетиот не се јавил на издржување на казната. На ден 21.10.2020 година издадена е наредба за распишување на меѓународна потерница. Во постапката за извршување пратени се повеќе ургенции до ПС од ОН Г. од каде се добиени одговори дека е распишана централна и меѓународна потерница, осудениот не е достапен на органите на прогонот, а потрагата продолжува.

КУИКП.бр.5/21 – со пресуда К.бр.47/19 од 08.05.2019 година, правосилна од 12.06.2020 година, обвинетиот О.С. од Нов Дојран е огласен за виновен за кривично дело Телесна повреда од чл.130 ст.1 од КЗ и осуден на парична казна во износ од 50 дневни глоби, со утврдена вредност на една дневна глоба од 10 евра, која е должен да ја плати во рок од 15 дена по правосилност на пресудата, во спротивно присилно ќе се изврши, а доколку присилното извршување остане без успех, паричната казна ќе ја изврши судот така што за една дневна глоба ќе определи 1 ден затвор со тоа што затворот не може да трае подолго од 6 месеци. Осудениот не ја платил паричната казна во определениот рок. Донесено е решение ИКП.бр.124/19 од 28.10.2020 г. Со кое паричната казна е заменета со затвор во траење од 50 дена. На 08.01.2021 година издаден е Упатен акт за извршување на казната и упатување на осудениот во КПУ Затвор Г. Обвинетиот не се јавил на издржување на казната, на 29.01.2021 година издадена е наредба до ОВР Гевгелија за приведување на осудениот во КПУ Затвор Г., а доколку се крие или е во бегство, да се издаде

потерница за пронаоѓање и спроведување во затворот. Според известувањето од ОВР Гевгелија ПО Н.Д., од каде се добиени повеќе одговори дека осудениот сеуште не е пронајден.

РО.бр.61/20 - се чека одлука од А.С. С.

СТ.бр.2/20 – предметот е во завршна фаза, се очекува по судската ферија, согласно ЗИ да се изврши трета продажба на недвижниот имот над кој стечајниот должник има заложно право и предметот да заврши.

СТ.бр.7/21 – предметот се работи според динамика согласно Закон за стечај и Закон за извршување. Се очекува до крајот на 2023 година да заврши.

РП-11/21 – поранешен РП-10/18. Донесени се повеќе одлуки кои се укинати од А.С. С. На 04.07.2022 година донесена е одлука РП-11/21 со која се утврдува прекин на постапката по предметот РП-11/21 на О.С. Г., се до правосилно завршување на постапката пред О.С.С. – Одделение за организиран криминал и корупција по предметот VI КОК.бр.8/18. Ова решение е донесено во врска со барањето на долверителот Друштво за угостителство и туризам К.У. ДОО експорт-импорт Скопје, да се смета за запрена постапката за извршување по решението Ист.бр.24/05 од 13.03.2007 година со кое се спојуваат постапките по предметите Ист.бр.24/05 и Ист.бр.22/06 и решението за привремена мерка Ист.бр.24/05 со која се става забрана на должникот да го отуѓи или оптовари недвижниот имот, и да се достави решението до соодветната банка каде се води жиро сметката на должникот и до АКН заради бришење на решението за привремена мерка согласно со член 201 ст.1 т.1 и ст.2 од ЗПП. Решението е обжалено, списите по предметот со жалбата се испратени во А.С. Скопје со писмен допис од 18.10.2022 година. Предметот сеуште е во фаза жалбена постапка пред повисокиот суд.

Во рамките на работната посета извршен е увид и во Уписникот СУ-ИЗЗ за 2023 година. Заведени се 9 предмети по барања за изземање на судија, поднесени од странките во постапката или од судијата кој постапува по предметот. Во однос на овие предмети не се забележани неправилности при постапувањето. Донесените решенија по барањата за изземање се со образложени причини. Во случај на донесено решение со кое се усвојува барањето за изземање на судија во предмети од граѓанската материја, се врши повторна автоматска распределба на предметот во АКМИС програмата заради определување на судија кој ќе постапува по истиот. Кај предметите од кривичната материја, доколку се усвојува барањето за изземање на судијата, со решението за усвојување на барањето се определува и судијата кој треба да постапува по предметот, а овластениот судски службеник за автоматска распределба на предметот се задолжува во АКМИС програмата да изврши распределба на предметот и веднаш да го предаде во работа на определениот судија. Ваквите решенија во предметите од кривичната материја се резултат на

фактот што во О.С. Г. од вкупно осум судии, вклучувајќи го и Претседателот на Судот кој е и претседател на Кривичен совет, само двајца судии постапуваат по кривичните предмети во прв степен, еден судија постапува по предмети на претходна постапка, извршување на кривичните санкции и по прершоците, а останатите четворица судии се парничари.

Во однос на случајот со предметите од јавен интерес поврзани со изречена времена мерка на имотот на правното лице Друштво за производство, трговија и услуги Д.П. увоз-извоз ДООЕЛ Велес заради спор со правниот субјект од А. увоз извоз Гмбх А., во О.С. Г. се водени предмети за определување на привремена мерка и од кривична и од граѓанска материја.

**ПРЕДМЕТИ ОД КРИВИЧНА МАТЕРИЈА:**

**КС. Бр.4/23, споен со КС.бр.5/23**

ОЈО Г. врз основа на член 202 ст.1 од ЗКП на ден 27.01.2023 година до О.С. Г.– Судија на претходна постапка има поднесено Барање, КО бр.304/21, за определување на привремена мерка – Забрана за отуѓување и располагање со недвижен имот со кое бара да се забрани располагање, заложување и отуѓување на имотот на правното лице Д.П. ДООЕЛ Велес опишан во Барањето во Имотен лист бр.2409 КО Б.-виноград Лист Б; Имотен лист бр.5185 КО Б.виноград Лист В; Имотен лист бр.1075 КО В. Б, Имотен лист бр.1075 КО В. лист В и Имотен лист бр.5422 КО К. ВОНГРАД лист В, бидејќи постоело основано сомневање дека опишаниот имот потекнувал од извршување на кривично дело и дека до крајот на кривичната постапка ќе било особено отежнато или оневозможено негово одземање. Во образложението на Барањето се наведува дека ОЈО Г. води преткривична постапка против: осомничените правни лица Д.П. ДООЕЛ В., со променето седиште во Велес и Друштво за производство, трговија и услуги Г.Т. ДООЕЛ Валандово, за кривично дело Измама од член 247 ст.8 в.в.ст. 4 и ст.1 од КЗ и осомничениот А.К. од В., сопственик и управител на ДПТУ Д.П. увоз-извоз ДООЕЛ Валандово и управител на Г.Т. ДООЕЛ Валандово за три кривични дела и тоа едно кривично дело Злоупотреба на службена положба и овластување од чл.353 ст.4 в.в. ст.3 и ст.1 од КЗ, едно кривично дело Измама од чл.247 ст.4 в.в. ст.1 од КЗ и едно кривично дело Оштетување туѓи права од чл.244 ст.2 в.в. ст.1 од КЗ.Барањето е насочено спрема: 1. Правното лице Друштво за производство, трговија и услуги Д.П. увоз-извоз ДООЕЛ Велес, 2. Извршител А.К. именуван за подрачјето за Основните судови В., Г., К. и Н., со седиште во К. и 3. Извршителите именувани за подрачјето на Основните судови В., Г., К. и Н.

О.С. Г. преку судијата на претходна постапка Б.Д.Н., постапувајќи по Предлогото на ОЈО Г. КО бр. 304/21 од 27.01.2023 година, примен на 30.01.2023 година, на ден 30.01.2023 година донел Решение К-ПП.бр.7/23 со кое Предлогот на ОЈО Г. за определување на привремена мерка – забрана за отуѓување и располагање со недвижен имот, СЕ УВАЖУВА.

СЕ ОПРЕДЕЛУВА привремена мерка забрана на отуѓување и располагање со недвижен имот на правното лице Д.П. ДООЕЛ Велес.

Привремената мерка се определува СПРЕМА: 1. Правното лице Друштво за производство, трговија и услуги Д.П. ДООЕЛ Велес, 2. Извршител А.К. именуван за подрачјето за Основните судови В., Г., К. и Н, со седиште во Кавадарци и 3. Извршителите именувани за подрачјето на Основните судови В., Г., К. и Н.

Привремената мерка се однесува на недвижниот имот на правното лице Друштво за производство, трговија и услуги Д.П. ДООЕЛ Велес специфициран во Имотен лист бр.2409 КО Б.-виноград Лист Б; Имотен лист бр.5185 КО Б. Лист В; Имотен лист бр.1075 КО Валандово лист Б, Имотен лист бр.1075 лист В и Имотен лист бр.5422 КО К. ВОНГРАД лист В, детално опишан во изреката на Решението.

Во образложението на Решението се наведува дека во прилог кон Барањето на ОЈО Г. се доставени докази од кои произлегува дека правното лице го поседува наведениот имот и докази од кои произлегува сомневањето дека осомничениот А.К. иако знаел дека се води кривичната постапка КО бр.304/21 пред ОЈО Г., арбитражната постапка пред Меѓународниот центар за арбитража случај бр. ARB ARB5672 од 03.01.2023 година во Виена, Австрија и постапката пред О.С.Г. ВПП2-18/22, ги превземал наведените дејствија во наведениот период, опишани во Барањето на ОЈО Г. Ко бр.304/21 од 27.01.2023 година. Од сите тие причини, ценејќи ги сите доставени докази Судијата на претходна постапка, наоѓа дека во конкретниот случај постои основано сомневање дека до крајот на кривичната постапка ќе било особено отежнато или оневозможено одземање на имотот кој бил потребно да се одземе според член 98 од КЗ, а кој потекнувал од предметните кривични дела и затоа било потребно да се обезбеди како би се спречило користењето, отуѓувањето или располагањето со имотот на Д.П. ДООЕЛ Велес, па во смисла на член 202 од ЗКП одлучил како во изреката на решението.

Против Решението на О.С.Г. К-ПП бр. 7/23 од 30.01.2023 година, жалба поднело осомниченото правно лице Друштво за производство, трговија и услуги Д.П. ДООЕЛ Велес преку, бранителот В.Џ., адвокат од Г. и осомниченотоправно лице Друштво за производство, трговија и услуги Г.Т. ДООЕЛ Валандово (на кое исто така му е доставено решението, видно од доставната наредба), преку бранител К.Н., адвокат од Г.

По жалбата на Д.П. ДООЕЛ Велес е оформен предметот КС, бр.4/23, а по жалбата на Г.Т. ДООЕЛ Валандово е оформен предметот КС.бр.5/23.

**Во обвивката на списите по предметот Кс.бр.4/23 се наоѓа:**

-Нотарски акт од нотар М.В. ОДУ.бр.105/14 од 20.03.2014 за Договор за продажба на недвижен имот склучен помеѓу:

1.К. ДООЕЛ С., Продавач и

2.Д.П. ДООЕЛ Валандово, Купувач.

Предмет на договорот е недвижен имот во ИЛ.бр.5185 КО Богданци;

- Решение Кс.бр.4/23 на О.С.Г. од 08.02.2023 г. со кое жалбата на Д.П. ДООЕЛ Валандово, СЕ УВАЖУВА; жалбата на Г.Т. ГООЕЛ Валандово преку бранител К.Н., се отфрла;

- ПРЕДЛОГ ЗА ПРИЗНАВАЊЕ НА СТРАНСКА АРБИТРАЖНА ОДЛУКА од предлагач А. ДОО Х. А., противник Д.П., доставен до О.Г. Ск. Од 31.01.2023 година;

- ОДГОВОР НА ЖАЛБА до О.С.Г.-Кривичен совет од ОЈО Г., КО бр.304/21 од 06.02.2023 г., ВРСКА: К.ПП 7/23:

- Жалба против Решение К.ПП 7/23 од 30.01.2023 од Д.П. ДООЕЛ Велес преку бранител В.Џ., адвокат од Г., по која е оформен предмет КС.бр.4/23.

**Во обвивката на списите по предметот КС.бр.5/23 се наоѓа:**

- Нотарски акт ОДУ бр. 103/14 од 23.03.2014 година на нотар М.В. за подрачје на О.С.Г.- Договор за обезбедување на парично побарување со засновување на договорен залог врз недвижност-хипотека, склучен помеѓу:

1.С. банка АД Скопје – Филијала Г., во својство на Заложен доверител,

2.ДПТУ Д.П. ДООЕЛ Валандово, во својство на Должник, Заложен должник, претставувано од А.К., управител,

3.А.К., во својство на Заложен должник,

4.З.К., во својство на Заложен должник,

5.Друштво за зејоделие, трговија и услуги К.А. ДООЕЛ С., застапувано од А.К., управител, во својство на Заложен должник.

Основ за склучување на овој Договор е Договорот за мултивалутна кредитна рамка од 18.03.2014 г., склучен помеѓу доверителот С. Б. и должникот, залож.должници:

1.Д.П. ДООЕЛ Валандово кој е сопственик на недвижен имот на кој се заснова залог/хипотека , опишан во ИЛ бр.660 КО Р.,

2.А.К. од В., сопственик на недвижен имот опишан во ИЛ бр.1079 КО Валандово, ИЛ. Бр.350 КО Марвинци и 1/3 идеален дел на бр.791 КО Валандово, на кој се заснова залог/хипотека

3.З. К., сопственик на недвижен имот во ИЛ бр.2406 КО Валандово и 1/3 идеален дел на бр.791 КО В., на кој се заснова залог/хипотека

4.К.А. ДООЕЛ С. Сопственик на недвижен имот во ИЛ бр.5185 КО Б.

- Полномошно за адв. К. Н. од Гевгелија, бранител на Г.Т. ДООЕЛ Валандово во постапката по предмет КО бр.304/21 пред ОЈО Г. и пред надлежен суд каде е потребно и каде е обвинето правното лице за ИЗМАМА од чл.247 од КЗ;

- ЖАЛБА од бранителот К.Н. против Решение К.ПП.бр.7/23 од 30.01.2023 донесено од судија на претходна постапка на О.С.Г. со кое предлогот на ОЈО Г.

КПП.бр.304/21 од 27.01.2023 г. за определување на привремена мерка - забрана на отуѓување и располагање со недвижен имот се уважува.

Предметот КС.бр.5/23 со сите списи е ставен во обвивката на списите по предметот КС.бр.4/23. О.С.Г. во совет составен од Претседателот на судот судијата М.А.З. како претседател на Кривичниот совет и судиите Т.Ц.Д. и Т.Т., членови на советот, одлучувајќи по двете жалби изјавени против решението К-ПП бр.7/23 од 30.01.2023 година на Судијата на претходна постапка при О.С.Г., на нејавна седница на советот, одржана на ден 08.02.2023 година, го донел Решението КС.бр.4/23 со кое, жалбата поднесена од осомниченото правно лице Друштво за производство, трговија и услуги Д.П. ДООЕЛ Велес преку, бранителот В.Џ., адвокат од Г. СЕ УВАЖУВА.

Жалбата поднесена од осомниченотоправно лице Друштво за производство, трговија и услуги Г.Т. ДООЕЛ Валандово преку бранител К.Н., адвокат од Г., СЕ ОТФРЛА.

Решението К-ПП.бр.7/23 од 30.01.2023 година на Судијата на претходна постапка при О.С.Г., СЕ ПРЕИНАЧУВА и се одлучува: Барањето на ОЈО Г. КО.бр.304/21 од 2701.2023 година, за определување на привремена мерка – Забрана за отуѓување и располагање со недвижен имот, спрема правното лице Д.П. ДООЕЛ Велес, Извршител А.К. именуван за подрачјето за Основните судови В., Г., К. и Н., со седиште во К. и Извршителите именувани за подрачјето на Основните судови В., Г., К. и Н., поднесено согласно член 202 ст.1 од ЗКП, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО.

Во образложението на решението на Кривичниот совет се наведува дека основани се жалбените наводи на жалбата поднесена од Д.П. ДООЕЛ Велес за сторена суштествена повреда на постапката, бидејќи обжаленото решение има недостатоци поради кои не може да се испита во однос на неговата правилност и законитост, изреката на решението е нејасна и противречна со причините за донесување на истото и дека образложението на решението не содржело причини за решавачките факти. Советот нашол дека Барањето за определување на привремена мерка – Забрана за отуѓување и располагање со недвижен имот, КО.бр.304/21 од 27.01.2023 година на ОЈО Г. не било во согласност со член 202 ст.2 од ЗКП во која е точно пропишано што треба да содржи барањето. Во конкретниот случај, Барањето не содржело податоци за временскиот период кога бил стекнат недвижниот имот, не содржело податок за вредноста на целокупниот наведен имот, не содржело историјат на недвижностите, како и по кој основ е стекнат имотот и запишан на име на осомничените во катастарските книги. Исто така кон барањето не се приложени релевантни докази на кои се заснова основаното сомневање дека недвижниот имот потекнува од кривичните дела за кои против осомниченото правно лице Д.П. ДООЕЛ Велес се води кривичната постапка. Приложените докази – имотните листови сами за себе не се докази на кои може да се заснова сомневањето дека предметниот недвижен имот потекнува од кривично дело, смета советот. Советот смета дека неправилно е постапено и кога со обжаленото решение е изречена привремената мерка и спрема извршител

А.К., именуван за подрачјето за Основните судови В., Г., К. и Н., со седиште во Кавадарци и за сите извршители именувани за подрачјето на Основните судови Велес, Гевгелија, Кавадарци и Неготино. Што го прави побиваното решение непрецизно и противречно.

По однос на изјавената жалба од осомниченотоправно лице Друштво за производство, трговија и услуги Г.Т. ДООЕЛ Валандово преку бранител К.Н., адвокат од Г., Советот истата ја отфрлил, бидејќи во Барањето на ОЈО, КО.бр.304/21 од 27.01.2023 година, привремената мерка не е предложена да се определи и спрема ова правно лице, ниту пак во побиваното решение е определено дека привремената мерка се определува и спрема ова правно лице.

Предвид вака образложените причини, според наоѓање на Советот, не се исполнети законските услови предвидени во чл.202 ст.1, ст. 2 и ст. 4 од ЗКП за убажување на Барањето наОЈО Г., КО.бр.304/21 од 27.01.2023 година за определувањена привремена мерка – Забрана за отуѓување и располагање со недвижен имот, па согласно чл.202 ст.5 и чл.25 ст.5 од ЗКП е одлучено како во изреката на решението КС.бр.4/23 од 08.02.2023 година.

**<u>КС.бр.7/23 кон кој е припоен предметот КС.бр.8/23</u>**

По донесување на Решението на Кривичниот совет КС.бр.4/23 од 08.02.2023 година, ОЈО Г. повторно поднесува Барање за определување на привремена мерка Забрана за отуѓување и оптоварување на недвижен имот, КО бр.304/21 од 09.02.2023 година, но сега врз основа на член 118 став 1 од ЗКП, спрема: 1. Правното лице Друштво за производство, трговија и услуги Д.П. ДООЕЛ Велес и 2. Правното лице Друштво за производство, трговија и услуги Г.Т. ДООЕЛ Валандово, со тоа што:

- на правното лице Д.П. ДООЕЛ Велес ДА МУ СЕ ЗАБРАНИ располагање отуѓување или оптоварување на недвижен имот специфициран и точно наведен во Имотен лист бр.2409 КО Б.-виноград лист Б, во Имотен лист бр.5185 КО Б.-виноград Лист В, во Имотен лист бр.10753 КО В. лист Б, во Имотен лист број 10753 КО КО В. В и во Имотен лист бр.5422 КО К. ВОНГРАД лист В,

- а на правното лице Г.Т. ДООЕЛ Валандово ДА МУ СЕ ЗАБРАНИ да го дава во подзакуп имотот од Имотен лист бр.5185 КО Б. вон град лист Г9 и од Имотен лист бр.10753 КО В. лист Г9, како и да презема било какви дејствија за наплата на побарување кое произлегува од извршната исправа НПН бр.293/22 од 28.12.2022 година на нотар Г.Ѓ. од Велес, во постапка за извршување И.бр.19/23 пред извршител А.К. од К., како и пред било кој друг извршител.

Во Барањето се наведува дека без изрекување на таква мерка постои опасност осомничените правни лица да го осуетат или значително да го отежнат наплатувањето на побарувањето према оштетениот во оваа кривична постапка А. увоз-извоз ДОО од Х., А. кое веќе билоутврдено со Пресуда на Меѓународниот центар за арбитража случај бр.ARB5672 од 03.01.2023 година, а осомничените правни лица преземаат дејствија за осуетување или

отежнување на наплатата на побарувањето. Со тоа ОЈО Г. смета дека се исполнети условите за изрекување на привремените мерки пропишани согласно чл.118 ст.1 од ЗКП, член 31, член 33 и член 34 ст.1 точка 2 од Законот за обезбедување на побарувањето и бара привремените мерки да бидат прибележани во Агенцијата за К.Н. одделение Гевгелија Валандово и Кавадарци и Решението да биде доставено до извршител А. К. од Кавадарци и Комора на извршители.

Постапувајќи по ова Барање на ОЈО Г., уредено со поднесок од 10.02.2023 година и доставување на предлог од овластено лице на оштетениот во смисла на чл.118 ст.1 од ЗКП и доставување на докази во поткрепа на Барањето, О.С.Г. преку Судија на претходна постапка, донел Решение К-ПП.бр.18/23 од 10.02.2023 година со кое СЕ УВАЖУВА предлогот за определување на прврвремена марка обезбедување на имотно правно барање спрема правното лицеДруштво за производство, трговија и услуги Д.П. ДООЕЛ Велес и правното лице Друштво за производство, трговија и услуги Г.Т. ДООЕЛ Валандово.

СЕ ОПРЕДЕЛУВА привремената мерка за обезбедување на имотно правно барање на правното лице А. ДОО од  Х., А., во вкупен износ од 3.886.473,9 евра и споредни побарувања-камати, што настанало поради извршување на кривично дело, со тоа што

- на правното лице Д.П. ДООЕЛ Велес МУ СЕ ЗАБРАНУВА располагање, отуѓување или оптоварување на недвижниот имот специфициран и точно наведен во Имотен лист бр.2409 КО Б.-виноград лист Б, во Имотен лист бр.5185 КО Б.-виноград Лист В, во Имотен лист бр.10753 КО В. лист Б, во Имотен лист број 10753 КО КО В. лист В и во Имотен лист бр.5422 КО К. ВОНГРАД лист В,

- а на правното лице Г.Т. ДООЕЛ Валандово МУ СЕ ЗАБРАНУВА да го дава во подзакуп имотот во Имотен лист бр.5185 КО Б. вон град лист Г9 и во Имотен лист бр.10753 КО В. лист Г9, како и СЕ ЗАБРАНУВА ова правно лице да располага со преземање било какви дејствија за наплата на побарување кое произлегува од извршната исправа НПН бр.293/22 од 28.12.2022 година на нотар Г.Ѓ. од В., во постапка за извршување И.бр.19/23 пред извршител А. К. од К., како и пред друг извршител, бидејќи постоела опасност осомничените правни лица да го осуетат или значително да го отежнат наплатувањето на побарувањето према оштетениот во оваа кривична постапка, правното лице А. ДОО од  Х., А., кое веќе било утврдено со Пресуда на Меѓународниот центар за арбитража случај бр.ARB5672 од 03.01.2023 година, во вкупен износ од 3.886.473,9 евра и споредни побарувања-камати, а осомничените правни лица преземале дејствија за осуетување или отежнување на наплатата на побарувањето. СЕ НАЛОЖУВА на Агенцијата за К.Н. на РСМ/Одд. за катастар на недвижности Г., В. и К. да ја запишат привремената мерка.

Изречената привремена мерка ќе трае до завршување на постапката.

Против решението К-ПП.бр.18/23 од 10.02.2023 година донесено од О.С.Г преку Судија на претходна постапка, поднесена е жалба од осомниченото правно лице Д.П. ДООЕЛ Велес, преку бранител В.Џ., адвокат од Г. и оформен е предмет **КС.бр.8/23.**

Жалба против цитираното Решение е поднесена и од осомниченото правно лице Г.Т. ДООЕЛ Валандово, преку бранител К.Н., адвокат од Г. и оформен е предмет **КС.бр.7/23.**

Предметот КС.бр.8/23 е споен кон предметот КС.бр.7/23.

О.С.Г. постапувајќи по поднесените жалби против Решението за привремена мерка К-ПП.бр.18/23 од 10.02.2023 година, во совет составен од Претседателот на судот судијата М.А.З. како претседател на советот и судиите Т.Т. и Т.Ц.Д., членови на советот, на нејавна седница на советот, одржана на ден 07.03.2023 година, го донел Решението КС.бр.7/23 со кое, Жалбата поднесена од осомниченото правно лице Друштво за производство, трговија и услуги Д.П. ДООЕЛ Велес преку, бранителот В.Џ., адвокат од Г.  и Жалбата поднесена од осомниченотоправно лице Друштво за производство, трговија и услуги Г.Т. ДООЕЛ Валандово преку бранител К.Н., адвокат од Г., СЕ УВАЖУВААТ.

Решението К-ПП.бр.18/23 од 10.02.2023 година на Судијата на претходна постапка при О.С.Г., со кое се уважува Предлогот на ОЈО Г. КО.бр.304/21 од 09.02.2023, уреден со поднесок од 10.02.2023 година за определување на привремена мерка – обезбедување на имотноправно побарување спрема правното лице Д.П. ДООЕЛ Велес и правното лице Г.Т. ДООЕЛ Валандово, СЕ УКИНУВА.

Предметот К-ПП.бр.18/23 на О.С.Г.со сите списи се враќа на Судијата на претходна постапка при О.С.Г.на повторно постапување и одлучување.

Во образложението на решението на Кривичниот совет се наведува дека основани се жалбените наводи и дека се сторени суштествени повреди на одредбите на кривичната постапка од чл.415 ст.1 точка 11 од ЗКП, бидејќи обжаленото решение содржи такви недостатоци поради кои не може во целост да се испита во однос на неговата правилност и законитост, изреката на решението е недоволнојасна и разбирлива, а во образложението на решението не се содржани доволно причини за решавачките факти.

По наоѓање на Советот,при донесување на побиваното решение, Судијата на претходната постапка со сигурност не ја утврдил висината на имотноправното побарување, која во решението е определена на износ од 3.886.473,9 евра со споредни побарувања-камати, односно не утврдил од што произлегува наведениот износ за имотноправното побарување, за кое определил обезбедување со привремената мерка. Ова од причина што со Пресудата на Меѓународниот центар за арбитража случај бр.ARB5672 од 03.01.2023 година, оштетното побарување на оштетеното правно лице А. од А. е определено на износ од 2.120.332,48 евра, како и осомниченото правно лице Д.П. ДООЕЛ Велес е задолжено да плати на оштетеното правно лице А. износ

од 1.300.000,00 евра, кој се однесува на имотна корист со која се стекнало другото осомничено правно лице, Г.Т. ДООЕЛ В. од извршени најмалку 26 продажби на производите во период од 30.05.2020 до 07.08.2020 година, спротивно на клаузулата за ексклузивност содржана во Договорот за соработка за ексклузивен извоз од 13.04.2016 година, а износот од 45.928,08 евра се однесува за надомест за авансната уплата на арбитражните трошоци наМеѓународниот центар за арбитража Виена и износот од 420.223,34 евра се однесува за надомест на правните такси и други трошоци направени од тужителот, овде оштетеното правно лице, во врска со арбитражната постапка. Во таа смисла, нејасно и не е утврдено со сигурност дали овој износ претставува имотноправно побарување на оштетеното правно лице А. спрема Д.П., кои се договорни странки во Договорот за соработка за ексклузивен износ од 13.04.2016 година. Судијата на претходната постапка во определената времена мерка кога го утврдил имотно правното побарување согласно Пресудата на Меѓународниот центар за арбитража случај бр.ARB5672 од 03.01.2023 година, не ја имал во предвид висината на имотноправното побарување што настанало поради извршување на кривичното дело, како и не утврдил во кој стадиум е кривичната постапка за кривичното дело, за да може да се издаде привремена мерка за обезбедување на имотноправно побарување согласно, чл.118,ст.1 и ст.2 од ЗКП.

Според напатствијата на Кривичниот совет, при одлучување, Судијата на претходната постапка потребно е да ги отстрани констатираните недостатоци, со сигурност да испита во која фаза е постапката што се води против осомничените правни лица, дали се води преткривична постапка или е донесена Наредба за спроведување на истражна постапка, во смисла на чл.118 ст.2 од ЗКП, да ја утврди висината на определената мерка за обезбедување на имотноправното побарување што настанало поради извршување на кривично дело, односно да утврди дали износот од 45.928,08 евра кој се однесува за надомест за авансната уплата на арбитражните трошоци на Меѓународниот центар за арбитража Виена и износот од 420.223,34 евра кој се однесува за надомест на правните такси и други трошоци направени од тужителот, овде оштетеното правно лице, може да бидат предмет на обезбедување, односно да се дадат образложени причини од каде произлегува висината на обезбеденото имотно правно побарување согласно доставените докази со предлогот за издавање на привремена мерка со која се обезбедува имотноправното побарување што настанало со извршување на кривичното дело. Исто така, Кривичниот совет смета дека е потребно да се прибави и изведе како доказ договорот за закуп од кој ќе може да се утврди какви права и обврски се предвидени за договорните странки за да може да се издаде предјавената привремена мерка спрема правното лице Г.Т. ДООЕЛ В. – забрана да го дава во подзакуп недвижниот имот специфициран во Имотен лист бр.5185 КО Б. вон град лист Г9 и во Имотен лист бр.10753 КО В. лист Г9.

**К-ПП.бр.-26/23**

О.С.Г. – Судија на претходна постапка, одлучувајќи во повторената постапка по Барањето на ОЈО Гевгелија за определување на привремена мерка, КО.бр.304/21 од 09.02.2023 година, согласно укажувањата на Кривичниот совет на Основниот суд Гевгелија од Решението КС.бр.7/23 од 07.03.2023 година, со писмено Барање К-ПП.бр.26/23 од 16.03.2023 година до ОЈО Г., побарал да се дополни Барањето за определување на привремена мерка и да се дадат известувања и докази за следните околности:

- Во која фаза е постапката што се води против осомничените правни лица Д.П. ДООЕЛ В. Г.Т. ДООЕЛ В., дали се води преткривична постапка или е донесена Наредба за спроведување на истражна постапка, сето тоа во смисла на чл.118 ст.2 од ЗКП;
- Да се дадат образложени причини од каде произлегува висината на имотно правното побарување што настанало со извршување на кривичното дело за кое се бара определување на времена мерка за обезбедување, односно да се утврди дали износот од 45.928,08 евра кој се однесува за надомест за авансната уплата на арбитражните трошоци на Меѓународниот центар за арбитража Виена и износот од 420.223,34 евра кој се однесува за надомест на правните такси и други трошоци направени од тужителот, овде оштетеното правно лице, може да бидат предмет на обезбедување;
- да се прибави и достави договорот за закуп како би можело да се утврди какви права и обврски се предвидени за договорните странки за да може да се издаде наведената привремена мерка спрема правното лице Г.Т. ДООЕЛ В. – забрана да го дава во подзакуп недвижниот имот специфициран во Имотен лист бр.5185 КО Богданци вон град лист Г9 и во Имотен лист бр.10753 КО В. лист Г9.

Во списите на предметот се наоѓа писмена Ургенција од О.С.Г.-Судија на претходна постапка од 13.04.2023 година, К-ПП.бр.26/23 од 13.04.2023 година, до ОЈО Гевгелија, да постапи по Барањето К-ПП бр.26/23 од 16.03.2023 година на О.С.Г.и ги достави бараните докази.

ОЈО Гевгелија со писмен поднесок до О.С.Г. – Судија на претходна постапка, КО.бр.304/21 од 10.05.2023 година, примен во Судот на ден 11.05.2023 година, го известува Судот декаго повлекува Барањето – Предлогот за определување на привремена мерка забрана за отуѓување и оптоварување на недвижен имот спрема правното лице Д.П. ДООЕЛ В., управител на правното лице Атанас Костов и правното лице Г.Т. ДООЕЛ В., од причина што во оваа фаза на постапката не може да ги обезбеди доказите кои ги бара Судот.

О.С.Г. – Судија на претходна постапка на ден 11.05.2023 година донел Решение К-ПП.бр.26/23 со кое СЕ ОТФРЛА Предлогот – Барањето на ОЈО Г. КО.бр.304/21 од 09.02.2023 година за определување на привремена мерка забрана за отуѓување и оптоварување на недвижен имот спрема правното лице Д.П. ДООЕЛ В., управител на правното лице Атанас Костов и правното лице Г.Т. ДООЕЛ В., бидејќи ОЈО Г. го повлекло цитираниот Предлог – Барање.

Запишаната привремена мерка за обезбедување на имотноправно побарување со К-ПП.бр.18/23 од 10.02.2023 година, кокја е укината со Решение на Советот на О.С.Г., КС.бр.7/23 од 07.03.2023 година, ДА СЕ БРИШЕ од страна на АКН на РСМ/Одделенија за катастар на недвижности Г., В. И К., по правосилноста на ова Решение.

**ПРЕДМЕТИ ОД ГРАЃАНСКА МАТЕРИЈА:**

Извршен е увид во списите на предметот ВПП2 бр.13/21, бр.2/22, бр.18/22.

Од увид во списите на предметот се констатира:

Предметот е оформан по Предлог за издавање-дозвола на привремена мерка заради обезбедување на парично побарување, поднесен од предлагач – доверител правниот субјект А. ДОО Х., А. преку овластен полномошник со уредно полномошно за застапување од страна на АД К. К. од Скопје,против должникот, правниот субјект Д.П. ДООЕЛ В.,застапуван со полномошно од страна на АД-Канцеларија П. од Скопје. По прием на Предлогот во Судот, на ден 03.09.2021 година, истиот е заведен под ВПП2 бр.18/21 и уредно, по електронски патпреку АКМИС програмот е распределен во работа кај судијата О.А., судија на О.С.Г..

Таксата по изјавениот предлог е уредно платена.

Судијата кој постапува по доделениот предмет одлучил по предметот да одлучува по одржано рочиште во присуство на странките, овозможувајќи го начелото на контрадикторност и аргументираност на секоја странка, иако (ЗОП дозволува одлучување и вон рочиште).

Согласно одлуката на Судијата, по Предлогот да одлучи по одржана расправа-рочиште, со можност за усно образложение и расправа на странките, од страна на Судот се преземени сите процесни дејствија за постапување по закон и тоа: достава на предлогот до спротивна страна на одговор,прием на одговор и достава на одговорот на другата страна, како и прием и достава на многу поднесоци доставени од едната странка и нивна достава на другата странка, а кои даваат можност за протек на време.

Прво рочиште по предметот е закажано за ден 20.09.2021година.Од увид во списите по предметот се констатира дека биле закажани повеќе рочишта по истиот и одлагани со причина и согласност од странките, односно доставувани се нови постојано поднесоци и докази, како и вештачења и тоа и од предлагачот-доверителот и од страна на противникот – должникот. Во таа смисла, ако се има во предвид итниот карактер на овие предлози,основано се поставува прашањето, дали странките во постапката со вакво однесување и доставување на нови поднесоци, докази и вештачења не се причина за одолговлекување на постапката. Ваквото постапување на странките со доставување на дополнителни поднесоци непосредно пред закажаните рочишта или на самото рочиште наведува на заклучок дека истите доаѓаат пред судот нецелосно подготвени и даваат свој придонес во насока на

одолговлекување на постапката, злоупотребувајќи го притоа и Судот кој заради правилно утврдување на фактичката состојба и водењето грижа да не се повредат правата на странките водел сметка за прибирање и изведување на сите релевантни докази.

Првата одлука по изјавениот предлог е донесена на ден 14.10.2021година и тоа ВПП2 бр.18/21, со која се усвојува предлогот, СЕ ДОЗВОЛУВА привремена мерка за обезбедување на парично побарување во целост како што е предјавена од предлагачот, односно забрана на должникот да го отуѓи или оптовари својот недвижен имот,со прибелешка на забраната во јавна книга,или да го издаде под закуп точно наведен имот. Мерката стапува во сила веднаш и ќе тарае 15 дена по правосилноста и извршноста на Решението за признавање на арбитражната одлука донесена од Арбитражниот суд во Виена.

Против Решението на О.С.Г. ВПП2 бр.18/21 од 14.10.2021 година изјавена е жалба од должникот до А.С. С., кој суд донел одлука ТСЖ 2057/21 од 23.12.21 година, со која Жалбата на должникот СЕ УСВОЈУВА,Решението на првостепениот суд, СЕ УКИНУВА и предметот се враќа на повторно постапување и одлучување со дадени конкретни напатствија.

Првостепениот суд во повторно постапување и одлучување по Предлогот, донелодлука-Решение ВПП2 бр.2/22 од 07.03.22 година, со кое Предлогот СЕ УСВОЈУВА,СЕ ДОЗВОЛУВА издавање на предјавената привремена мерка – со тоа што во диспозитивот на ова решение е определено истата да трае 15 дена од денот на донесување на Арбитражната одлука.

Решението ВПП2 бр.2/22 од 07.03.2022 година е обжалено од должникот. А.С. С. ценејќија жалбата и наводите на одговорот на жалба од доверителот донел одлука-Решение ТСЖ 565/22 од 29.04.2022 година со кое, Жалбата СЕ УСВОЈУВА, обжаленото Решение на првостепениот суд, СЕ УКИНУВА и предметот се враќа на повторно постапување и одлучување.

Првостепениот суд со повторно постапување по  предлогот носи трета одлука-Решение ВПП2 бр.13/22 од 14.06.2022 година,со која предлогот за издавање на привремена мерка го одбива како неоснован(предлогот сега е прецизиран- со променет диспозитив).

Решението на О.С.Г. ВПП2 бр.13/22 е обжалено, сега од доверителот. А.С. С. ценејќија жалбата на доверителот и наводите на одговорот на жалба од должникот донелодлука-Решение ТСЖ.бр.1120/22 од 02.09.2022 година со кое, жалбата СЕ УСВОЈУВА, Решението на првостепениот суд СЕ УКИНУВА и предметот се враќа на повторно постапување и одлучување.

Првостепениот суд при повторно постапување по предлогот носи четворта одлука-Решение ВПП2 бр.118/22 од 01.11.2022 година,со која предлогот за издавање на привремена мерка го усвојува.

Следи повторно жалба од должникот по која А.С. С. ценејќи ги наводите во жалбата и наводите на одговорот на жалба со одлука-Решение

ТСЖ.бр.61/23 од 09.02.2023 година, Жалбата ЈА ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА, обжаленото Решение, погоре наведено, СЕ ПОТВРДУВА.

**ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА:**

1.- Во предметите по предлозите за издавање на привремени мерки и од кривична материја не се најдени пропусти и незаконитости во постапувањето на О.С.Г.

2.- Во однос на предметите од граѓанската материја исто така по предлогот за издавање на привремена мерка, забележани се неколку состојби:

- Долго траење на постапката,предлогот за определување на привремена мерка ВПП2 бр.13/21 е изјавен на 03.09.2021 година, а постапката завршува со конечна одлука со која се усвојува предлогот на 09.02.2023година. Ова од аспект на начелото на итност во постапките по предлог за дозвола на времени мерки;
- Начелото на итност во постапката создава обврска и за странките во постапката. Во конкретниот случај, дополнителното доставување поднесоци за дополнување на доказната постапка, претставува придонес на странките во насока на одолговлекување на постапката и злоупотреба на нивите процесни права;
- Нема пропусти и незаконитости во постапувањето на страна на судовите. Меѓутоа, се поставува прашањето за ефикасно и ажурно постапување на Апелациониот суд Скопје, кој во жалбена постапка по истиот предлог постапува повеќе пати. Ова е значајно од аспект на прашањето дали долгото траење на постапка од итен карактер остава простор за незадоволство на предлагачот – доверителот и покрај фактот што предлогот е усвоен, и дали тоа се одразува и на довербата на граѓаните во судството.

3.- Извештајот да се достави до О.С.Г.и до А.С.С., да се разгледа на седница на судии на тие судови.

4.- Да се предложи на В:С. да завземе став за воедначување на судската пракса при одлучување во втор степен од страна на А. с. да ја имаат во предвид итноста на постапките по времени мерки (недозволиво е по еден предлог за времена мерка А.С. да одлучува четири пати).

**СУДСКИ СОВЕТ НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
м-р.Т.Ч.И – член и
Координатор на Работната група

___________________________

м-р.И.Н. - член

___________________________